**Известување за концентрација со која Арицома а.с. (Aricoma a.s.) Република Чешка стекнува целосна контрола над НЕОФАКТО Луксембург С.А. (NEOFACTO Luxembourg S.A) Луксембург**

**(предмет бр. 08-104/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.07.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Арицома а.с. (Aricoma a.s.) со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10, Република Чешка стекнува целосна контрола над НЕОФАКТО Луксембург С.А. (NEOFACTO Luxembourg S.A) со седиште на 12 авенуе ду Рок’н’Рол, 4361, Еш-сур-Алзет, Луксембург (12 avenue du Rock’n’Roll, 4361, Esch-sur-Alzette, Luxembourg).

Арицома а.с. е холдинг компанија која управува со удели во своите ќерки компании – особено Арицома Системс а.с (Aricoma Systems a.s.) (порано со назив Autocont AEC a.s) и Сабрис Консалтинг с.р.о (Sabris Consulting s.r.o) и Арицома Ентерпрајс Сабејсекјурити а.с (Aricoma Eterprise Cybersecrity a.s). Арицома Системс а.с се фокусира на имплементација на проекти на големи претпријатија и големи клиенти, имплементација и поддршка на деловните информациски системи на Microsoft Dynamics и обезбедува ИТ инфраструктура, корпоративни апликации, поддршка за деловни процеси, грижа за корисници и ИТ безбедност. Сабрис Консалтинг се фокусира на САП експертиза, бизнис решенија и поврзани услуги. Арицома Ентерпрајс Сабејсекјурити обезбедува безбедносни технологии, безбедносна проценка, услуги за сајбер одбрана и советодавни услуги за GDPR/усогласеност. Арицома припаѓа на ККЦГ Групацијата.

ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Киншифт ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус ДООЕЛ Скопје со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации Киншифт Академи ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

Трансакцијата е во врска со стекнување на целосна контрола од Арицома врз НЕОФАКТО Луксембург С.А. (NEOFACTO Luxembourg S.A) со седиште на 12 авенуе ду Рок'н'Рол, 4361, Еш-сур-Алзет, Луксембург (12 avenue du Rock'n'Roll, 4361, Esch-sur-Alzette, Luxembourg), чија приоритетна дејност е во секторот за информатички и комуникациски технологии.

По пат на Предложената трансакција Групацијата ККЦГ ќе се стекне со целосна индиректна контрола врз НЕОФАКТО Луксембург С.А. преку поврзаното лице Арицома а.с.

Релевантниот пазар на концентрацијата е пазарот на услуги од информатичка технологија („ИТ“) во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

24.07.2024 година
Скопје